27634

(7)

12320

● НОВА МАКЕДОНИЈА ● Вторник 12 мај 1981 год. ● стр. 10



Против кичот: Петар Лубарда, Клетва

ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА МСУ

# ПОДВИЖНА ИЗЛОЖБА „КИЧОТ И УМЕТНОСТА"

● ДЕНОВИВЕ ОВАА КОМПАРАТИВНА ИЗЛОЖБА СО ИНФОРМАТИВНО-ДИДАКТИЧКИ КАРАКТЕР ЌЕ СЕ ОДРЖУВА ВО ЦЕМЕНТАРНИЦАТА „УСЈЕ", А ОД ПОНЕДЕЛНИК ВО ОУ „ЕМИН ДУРАКУ" ВО БУКОВИК

Во рамките на својата редовна програма, Музејот на современата уметност од Скопје вчера ја отвори првата од серијата изложби под наслов „Кичот и уметноста" во работната организација „Усје" Следниот понеделник оваа изложба ќе биде отворена во ОУ „Емин Дураку" во селото Буковиќ, а наесен истата изложба ќе биде организирана во ОУ „Песталоци" во Скопје, Во Домот на културата во селото Сандево и во Домот на културата во селото Илинден.

Ваква тематска или компаративна изложба со информативно-дидактички карактер и под ист наслов, Музејот на современата уметност организираше уште пред осум-девет години во различни работни колективи и села во скопската околија. Концепцијата на оваа изложба што деновиве ќе можат да ја видат вработените во Цементарницата во Скопје е компаративна: изложени се примероци од широка потрошувачка, што претставуваат совршени примери на лош вкус и паралелно на нив, автентични експонати од современи македонски уметници. Музејот се оградува од тврдењето дека може да се постигне целосна концепција на изложбата од едноставна причина: одделни експонати од увозниот кич што се продаваат во скопските продавници (порцелански фигурини и слично), чинат и преку 8.000 нови динари, а кич мебелот достигнува неверојатни суми што тие не се во состојба да ги платат за да ја опремат оваа изложба со соодветни експонати. Меѓутоа, знаејќи ја својата улога и должност, МСУ ја спроведува оваа акција за естетско воспитување на што поширок круг луѓе во рамките на своите можности. (С. Ѓ.)